# З А П И С Н И К

## Од 48- та редовна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево ја одржа 48-та редовна седница на ден 12.12.2016 година (Понеделник) со почеток во 15.00 часот во просториите на Домот на културата во Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Драги Митев претседател на Советотна општина Василево.

На седницата од оправдани причини не присуствуваа советниците Јован Пелтековски Марјан Јанев и Сашко Димитриев.

На седницата присуствуваше Ванчо Стојанов градоначалник на општина Василево, Славе Андонов извршител во одделението за нормативно правни работи и средствата за јавно информирање,

Претседателот на Советот на општина Василево Драги Митев пред да го предложи дневниот ред за работа на 48 –та седница отвори расправа по Записникот од 47-та седница на Совет на општина Василево одржана на ден 29.11.2016 година од 12 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа „за“ „против“ и „воздржани“ нема

За работа на 48 –та седница на Советот на општина Василево беше предложен следниот дневен ред:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. **Предлог- Одлука** за сопствено учество на општина Василево во проектот за изработка на техничка документација за водоснабдување за населените места Требичино и Дукатино.
2. **Предлог- Одлука** за сопствено учество на општина Василево во проект за развој на патната инфраструктура преку изградба на дел од пат помеѓу населените места Чанаклија и Нова Маала.

По отворената расправа по дневниот ред никој не се јави за збор беше ставен на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа „за“ „против“ и „воздржани“ нема

1.

По отворената расправа по првата точка Предлог- Одлука за сопствено учество на општина Василево во проектот за изработка на техничка документација за водоснабдување за населените места Требичино и Дукатино за збор се јави Драги Митев претседател на Комисијата за урбанизам рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 4 гласа „ за„ „ „против“ и „ воздржани“ нема.

**Ванчо Стојанов** градоначалник на општина Василево рече дека во однос на првата точка се работи за изготвување на техничка документација за водоснабдување на водовод на населените места Требичино и Дукатино, смета дека тоа е потребно за да во наредниот период кога ќе има повик за да може проектот кој ќе биде изготвен со средства од Бирото за Регионален развој и учество на Општина Василево со средства во износ од 80.000 денари за изработка на техничка документација за водоснабдување на овие две населени места со што ке се подобри квалитетот на водата за пиење.

Немаше друг пријавено за збор **Предлог- Одлука за сопствено учество на општина Василево во проектот за изработка на техничка документација за водоснабдување за населените места Требичино и Дукатино.** беше ставен на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 12 гласа „за“ „против“ и „воздржани“ нема

**2.**

По отворената расправа по втората Предлог- Одлука за сопствено учество на општина Василево во проект за развој на патната инфраструктура преку изградба на дел од пат помеѓу населените места Чанаклија и Нова Маала.за збор се јави Драги Митев претседател на Комисијата за урбанизам рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 4 гласа „ за„ „ „против“ и „ воздржани“ нема.

Во врска со втората точка Ванчо Стојанов Градоначалник на општина Василево рече дека се работи за изградба на дел од патот Чанаклија Нова Маала каде што првата фаза е завршена. На предходна седница на Совет на градоначалници на Југоисточниот плански регион е донесена Одлука 8.000.000 денари да бидат обезбедени од Бирото за регионален развој преку центарот за развој на Југоисточниот плански регион и учество на општина Василево на средства во износ од 1.800.000 денари за плаќање за надзор за изградба на овој пат.

Немаше друг пријавено за збор втората точка **Предлог- Одлука за сопствено учество на општина Василево во проект за развој на патната инфраструктура преку изградба на дел од пат помеѓу населените места Чанаклија и Нова Маала,** беше ставена на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 12 гласа „за“ „против“ и „воздржани“ нема.

По исцрпениот дневен ред претседателот на z Советотот на општина Василево Драги Митев ја затвори 48-та седница на Советот на општина Василево.

Записничар:
Зора Коларова

Совет на Општина Василево
Претседавач:
**Драги Митев**